**4.5.2016**




Слика 1. Претседателот д-р Живко Митревски на состанокот

Во рамките на спроведување на програмските определби за реализација на едукативниот концепт на Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ), на ден 4.5.2016 година претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски присуствуваше на консултативна дебата за претставниците од давателите на образование за возрасни од проектот финансиран од ЕУ „Техничка помош за подготовка на сеопфатна Стратегија за образование 2016-2020“.

Дебатата беше посветена на запознавање на заинтересираните страни од општеството во креирање на Националната стратегија за образование во периодот од 2016 до 2020 година.

На дебатата беа презентирани ставовите на ССМ  во однос на потребата од вклучување на синдикатите во процесот на образование за возрасни, циклусот на доживотно учење и институционално вклучување.